SEESAC

Funded by
the European Union

Regional Cooperation Council

# УПАТСТВА

За службениците и службеничките во Министерствата за внатрешни работи и полициските служби **за комуникација со медиумите во случаи на злоупотреба на огнено оружје при родово засновано насилство**

# УПАТСТВА

За службениците и службеничките во Министерствата за внатрешни работи и полициските служби **за комуникација со медиумите во случаи на злоупотреба на огнено оружје при родово засновано насилство**

Центарот за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (СЕЕСАЦ) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Советот за регионална соработка (СРС) со цел зајакнување на националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на ширењето и злоупотребата на малото и лесно оружје, со што се придонесува за стабилноста, безбедноста и развојот на Југоисточна и Источна Европа.

Објавувањето на оваа публикација е овозможено со финансиска поддршка од Европската Унија во рамки на проектот *Поддршка за зајакнување на борбата против незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан* (IPA/2021/425-067) што го спроведува УНДП СЕЕСАЦ.

Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторките и не значи дека ги претставуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Покрај тоа, ознаките и материјалите користени во оваа публикација не ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во однос на 1) правниот статус на која било држава, територија или област, нивните надлежни органи или вооружени групи: или 2) обележувањето на нивните граници или зони на демаркација.

**Контакт за дополнителни информации:**
Шефица на канцеларијата на СЕЕСАЦ
Булевар Зорана Ѓинѓиќа 64,
11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
www.seesac.org

Дизајн и распоред: Иван Ќулафиќ
Испечатил: Дигитал Солутион Белград
Тираж: 45 копии
ISBN-978-86-7728-373-5

© SEESAC 2024 – Сите права се задржани

# ИЗРАЗ НА БЛАГОДАРНОСТ

Овие упатства претставуваат резултат на соработката на СЕЕСАЦ и групата „Новинарките против насилството врз жените“, со посебен придонес од нивните членки Јована Глигоријевиќ и Ана Манојловиќ. „Новинарките против насилството врз жените“ е група составена од повеќе од 80 новинарки и уреднички кои организирано, јавно и гласно се борат против насилството врз жените и се залагаат за тоа во медиумските извештаи за насилството врз жените да се зборува како за општествен проблем, да се посочат неговите причини, јасно да се осуди секоја форма на насилство и повикува на одговорност на сторителите и институциите кои се надлежни за заштита од насилство.

Уредничка на публикацијата е Ива Савиќ, проектна аналитичарка во тимот на СЕЕСАЦ. Членовите и членките од тимот на СЕЕСАЦ: Јелена Бујаковиќ – специјалистка за мало и лесно оружје, Драган Божаниќ – аналитичар за родови прашања и истражување, Данијела Ѓуровиќ – проектна аналитичарка, Весна Ципруш – виша советничка за родови прашања и Виолета Гаши – соработничка на проектот, исто така придонесоа за публикацијата со важни информации и свои увиди.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **IPA** | Instrument for Pre-accession Assistance<br>(Инструмент за претпристапна помош) |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **RCC** | Regional Cooperation Council<br>(Совет за регионална соработка) |
| **РЗН** | Родово засновано насилство |
| **МЛО** | Мало и лесно оружје |
| **СЕЕСАЦ<br>/SEESAC** | South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons<br>(Центар за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа) |
| **УНДП<br>/UNDP** | United Nations Development Programme<br>(Програма за развој на Обединетите Нации) |

# ВОВЕД

*Анализата на медиумското известување за злоупотребата на огненото оружје во случаи на машко родово засновано насилство врз жените во Западен Балкан (2024) објавена од СЕЕСАЦ* покажа дека институциите се важни извори на информации за медиумите за оваа тема и дека нивните соопштенија не ретко се пренесуваат целосно. Меѓу институциите, најзастапени се министерствата за внатрешни работи и полициските служби.

Поради тоа, кога станува збор за овој феномен, министерствата за внатрешни работи и полициските служби, имаат големо влијание врз формирањето на јавното мислење преку информациите што ги пренесуваат за проблемот со родово засновано насилство (РЗН) во форма на соопштенија, изјави за медиуми и интервјуа.

Од сето ова произлегува дека министерствата и полициските службеници и службенички се природни сојузници на медиумите во известувањето за овој проблем и дека можат значително да придонесат не само за подобрување на квалитетот на медиумското известување, што е од јавен интерес, туку и непосредно да влијаат на тоа како јавноста го перципира проблемот.

Јурисдикциите во Западен Балкан генерално имаат дефиниција за јавен интерес во нивните закони за медиуми, а овде ви го даваме објаснувањето на Мрежата за етичко новинарство што ги резимира тие дефиниции.[1]

*„Јавен интерес е она што е важно за секој член на општеството. Тој се однесува на заедничкото добро, општата благосостојба и безбедноста на секој граѓанин и граѓанка. Јавниот интерес не е она што јавноста го смета за интересно и забавно. Напротив, тоа е она што директно ги засега, дури и ако не се свесни за тоа или не ги интересира“.*

1 Мрежа за етичко новинарство (Ethical Journalistm Network) е мрежа на новинари/ки, уредници/чки, сопственици/чки на медиуми, како и група за поддршка на медиумите со седиште во Велика Британија.

На подготовката на упатствата ѝ претходеше неколкумесечна работа на СЕЕСАЦ, членките на групата „Новинарките против насилството врз жените", како и групи новинарки од сите пет јурисдикции на Западен Балкан на анализата на медиумските содржини кои се однесуваат на злоупотребата на огненото оружје при родово засновано насилство. Целта беше да се утврди како медиумите известуваат за овој феномен, односно кои се најголемите недостатоци и позитивни страни на медиумското известување. Анализата се однесуваше на следниве теми: медиумско претставување на конкретни случаи и сторители; медиумско претставување на жртвите/преживеаните и феномени на насилство; фотографии и визуелни елементи во медиумскиот третман на темата за злоупотреба на огненото оружје при родово засновано насилство; степенот до кој медиумите ја исполнуваат својата едукативна функција во однос на овој феномен.

Во анализата се опфатени 24.949 медиумски содржини, кои се однесуваат на инциденти со огнено оружје, а од кои 1.484 се во контекст на насилство врз жените, а голем број медиумски содржини се детално анализирани во однос на однапред дефинирани показатели. Во анализата се користени медиумски содржини кои СЕЕСАЦ систематски ги собира за целите на платформата за следење инциденти со огнено оружје, која што служи за идентификување и анализа на релевантните трендови во Југоисточна Европа. Показателите беа креирани врз основа на етичките кодекси на новинарските здруженија на јурисдикциите опфатени со анализата како и Упатствата за медиумско известување за насилства врз жените на групата „Новинарките против насилството врз жените".

Врз основа на резултатите од анализата, изготвени се упатства за службениците и службеничките во министерствата за внатрешни работи и полициските служби со цел да им се помогне што повеќе да ги информираат медиумите и јавноста во согласност со јавниот интерес.

Со цел да се намали ризикот од злоупотреба и нелегално поседување на МЛО, во јуни 2022 година, СЕЕСАЦ формираше Регионална работна група за подигање на свеста во оваа област. Како дел од својата работа,

два пати годишно СЕЕСАЦ собира претставници на министерствата за внатрешни работи и полициските служби на шест јурисдикции од Западен Балкан, чија работа се однесува на активности за подигање на свеста за МЛО.

На состанокот одржан на 03.10.2023 година, учесниците на оваа работна група имаа можност да се запознаат со Упатствата и да разговараат за нив. Тие подоцна им беа доставени по електронски пат и истите се финализираа врз основа на добиените коментари. Финалната верзија на Упатствата беше претставена на работната група на состанокот одржан на 3 април 2024 година.

Изработката на Упатствата директно придонесува за спроведување на *Патоказот за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје, огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан*, со фокус на четвртата цел од Патоказот, што гласи: Значително да се намали понудата, побарувачката и злоупотребата на огненото оружје преку подигнување на свеста за опасностите на оружјето, образование, промоција на контролата на оружјето и подобра информираност.

# УПАТСТВА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИТЕ

# 1 ДАДЕТЕ ПОШИРОКА СЛИКА

**ПРОБЛЕМ:** Регионалната анализа на медиумските содржини поврзани со РЗН со злоупотреба на огнено оружје покажа дека огромното мнозинство на содржини, дури 91 проценти, се занимаваат исклучиво со поединечни случаи, а не со оваа појава. Тоа е лошо бидејќи во јавноста се остава впечаток дека тоа е изолирана појава, приватен проблем помеѓу насилникот и жртвата или нешто што едноставно се случува и не може да се спречи.

**РЕШЕНИЕ:** Покрај основните информации за самиот инцидент или за кривичното дело во кое било вклучено огнено оружје, на новинарите треба да им се даде и поширокиот контекст на настанот:

- колкава е зачестеноста на овие инциденти во вашата јурисдикција во последните 5 години;
- кои се трендовите во тековната година;
- која е микролокацијата каде најчесто се случува насилството врз жените - повеќето случаи на РЗН се јавуваат во приватен простор: домаќинства, станови, куќи и дворови (т.н. микролокација), па затоа е важно да се истакне фактот дека жените се најзагрозени во нивниот приватен простор;
- кој е најчестиот однос помеѓу сторителот и жртвата – сторителот на родово засновано насилство најчесто ѝ е познат на жртвата (сопруг, вонбрачен партнер, поранешен партнер), па затоа е добро да се потенцира овој аспект на насилството;
- да се фокусира и на случаите на злоупотреба на оружје без смртен исход (закани, повреди);

- при секое обраќање да се спомене дека секоја форма на насилство врз жените е неприфатлива и на овој начин да се подигне капацитетот на граѓаните за нулта толеранција кон овој вид насилство;
- подгответе клучни статистички податоци од вашата јурисдикција и основни информации за феноменот на РЗН на годишно ниво и вклучете ги во секое соопштение, изјава, интервју.

Исто така, треба да се има предвид дека најголем дел од граѓанките и граѓаните не се запознаени со и/или имаат погрешна претстава за тоа кои надлежности ги има полицијата, а кои ги имаат обвинителството, судовите, центрите за социјална работа, како и за полициските постапки во случаите на семејно насилство и злоупотреба на огнено оружје, поради што на министерството и полицијата им се отвора голем простор да едуцираат за оваа проблематика. Информациите за тоа како тече постапката за издавање оружје и начинот на којшто оружјето може да биде одземено, чекорите коишто полицијата ги презема при добивање пријава за семејно насилство, кои лица и на кој начин може да пријават семејно насилство во полиција, каква е постапката доколку насилникот е во пијана состојба, каква е постапката за утврдување на лицето кое пукало кога постои сомнение за самоубиство на сторителот по извршен фемицид итн. се од јавен интерес и треба активно да се споделуваат со медиумите во случај на инцидент поврзан со семејно насилство.

Со обезбедување едукативни информации во вашите соопштенија, изјави и/или интервјуа, ќе ја намалите потребата на медиумите да ви бараат информации кои навлегуваат во доменот на сензационалистичко известување. Сензационализмот е контрапродуктивен бидејќи шири шпекулации на соседи и познаници, детали за злосторството кои не се во интерес на јавноста итн.

**НАПОМЕНА:** Доколку во вашата јурисдикција постои правен институт за обвинителска истрага, почекајте надлежното обвинителство да ги објави информациите кои се во негова надлежност.

# 2 ЕДУКАТИВНА УЛОГА

**ПРОБЛЕМ:** Поголемиот дел од медиумските содржини вклучени во регионалната анализа не содржат податоци и факти кои се од интерес за јавноста. Истовремено МВР/полицијата се во можност да им обезбедат дел од овие информации. Во 2022 година, помалку од 10 проценти од извештаите на медиумите во регионот ја исполнуваат својата едукативна улога да зборуваат пошироко за феноменот на РЗН и злоупотребата на огнено оружје. Кога станува збор за огненото оружје, од особено значење е да се истакне дека присуството на огнено оружје во домот го зголемува ризикот од смртен исход.

**РЕШЕНИЕ:** Употребете ја вашата стручност и статистички податоци за едукативно да влијаете на новинарите и нивната публика. Расветлете ги појавите што доведуваат до инциденти со огнено оружје при РЗН:

- посочете го циклусот на насилство (видете го упатството XIV);
- потенцирајте дека треба да се има предвид дека насилството, вклучувајќи го и она кое е извршено со огнено оружје, не е само физичко, туку и вербално, психичко и економско. Овие форми на насилство се најчесто присутни и му претходат на физичкото насилство што претставува ескалација на злоупотребата во подолг период;
- не фокусирајте се само на смртниот исход туку и на физичкото насилство како такво;
- нагласете дека РЗН и злоупотребата на огнено оружје се општествени, а не приватни проблеми;
- наведете ја стапката на смртност од огнено оружје во контекст на РЗН во споредба со другите контексти каде што се користи огнено оружје;
- споделете информации со медиумите за начините на кои жените што биле изложени на насилство можат да добијат поддршка.

# 3 КОЛКУ ШТО Е МОЖНО ПОВЕЌЕ ЗАШТИТЕТЕ ГО ИДЕНТИТЕТОТ НА СТОРИТЕЛОТ И ЖРТВАТА/ПРЕЖИВЕАНАТА

**ПРОБЛЕМ:** Во повеќето јурисдикции, чест проблем во медиумското известување е откривањето на идентитетот на жртвите и преживеаните, како и членовите на нивните семејства, вклучително и децата. Ова е случај во речиси две третини од медиумските извештаи во целиот регион. Во огромното мнозинство на случаи, сторителот ѝ е познат на жртвата. Со откривање на неговиот идентитет, им овозможувате на медиумите да го дознаат и идентитетот на жртвата/преживеаната. Ова остава тешки последици за преживеаната и нејзиното семејство, како и за семејството на жртвата во случај на смртен исход. Интернетот не заборава ништо, така што во иднина, со едноставно пребарување, секој може да дознае сè за трауматичниот настан со што се загрозува приватноста на преживеаните и на нивните семејства и се оневозможува нивното закрепнување.

**РЕШЕНИЕ:** Никогаш не ја потценувајте љубопитноста на новинарите и нивната способност да го откријат идентитетот на сторителот. Избегнувајте сè што може да помогне во идентификацијата на жртвите/преживеаните: презимето на насилникот, дали е во роднинска врска со жртвата, фотографии од местото каде што може да се види името на улицата, бројот на куќата, некои препознатливи објекти и сл. Исто така, избегнувајте да ги споделувате годините, иницијалите на преживеаната или жртвата и насилникот, бидејќи со малку повешто пребарување на Интернет лесно може да се најде нивниот идентитет. Наместо да ги наведете иницијалите и точната возраст на жртвата и сторителот, во изјавата можете да напишете, на пример: средовечен маж, пензионер, помлада жена итн. Избегнете ја можноста за секундарна траума по секоја цена. Ова е особено важно кога преживеаните се малолетници или деца: Интернетот памети сè и може трајно да ги обележи и да им го отежне животот.

# 4 ТРУДЕТЕ СЕ ДА ЈА ФОРМУЛИРАТЕ ЛОКАЦИЈАТА КАДЕ СЕ СЛУЧИЛО НАСИЛСТВОТО КОЛКУ ШТО Е МОЖНО ПОШИРОКО

**ПРОБЛЕМ:** Локацијата е уште еден детаљ со помош на кој медиумите можат да го дознаат идентитетот на сторителот и жртвата, како и нивните семејства, кои потоа можат да ги вознемируваат.

**РЕШЕНИЕ:** При наведување на локацијата наведете го само градот каде што се случило насилството, а доколку се работи за селска населба наведете дека се работи за село во околината на најблискиот поголем град. Исклучок од ова правило се јавните места и институциите. РЗН извршено во угостителски објекти или во јавни институции укажува на безобѕирност на сторителот и е информација од јавно значење бидејќи има едукативна улога затоа што покажува до каде се подготвени да одат насилниците.

# 5 ИНФОРМИРАЈТЕ ГИ МЕДИУМИТЕ ЗА ВИДОТ И ПОТЕКЛОТО НА ОРУЖЈЕТО

**ПРОБЛЕМ:** Иако во најголем дел од анализираните медиумски содржини се споменува видот на оружјето, во 71% од истите нема информации дали тоа било легално или нелегално поседувано од сторителот. Исто така, недостасуваат податоци за друго оружје (вид и количина) што е пронајдено кај сторителот.

**РЕШЕНИЕ:** Оваа информација е од големо значење за медиумите и јавноста, бидејќи го отвора прашањето како се доаѓа до огнено оружје, дали оружјето е нелегално донесено од боиштата, им дава можност на медиумите да ги истражат системските грешки, да влијаат врз релевантните институции да работат подобро и поодговорно, како и евентуално да бидат контактирани за добивање на дополнителни информации. Тоа е исто така информативно за потенцијалните жртви на насилство бидејќи им помага да станат свесни за контекстот во кој се наоѓаат и да препознаат дека се во опасност.

**NAPOMENA:** Во јурисдикциите во коишто постои институт на обвинителска истрага, полицијата не соопштува информации за потеклото, видот и количината оружје, туку тоа го прави обвинителството, така што оваа препорака не се однесува на тие јурисдикции.

# 6 ИЗВЕСТЕТЕ И ЗА ПРЕТХОДНАТА ИСТОРИЈА НА НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА СТОРИТЕЛОТ

▶ **ПРОБЛЕМ:** Во повеќе од две третини од извештаите на медиумите не се споменуваат информации за тоа дали сторителот и претходно насилнички се однесувал или пак злоупотребувал огнено оружје.

▶ **РЕШЕНИЕ:** Задолжително вклучете ги овие информации, особено ако институциите претходно се занимавале со сторителот и наведете го институционалниот одговор, доколку имало таков. Ова е исто така информација која е во интерес на јавноста, особено на жените кои се изложени на ризик, бидејќи им помага да препознаат кога се во опасност и навремено да побараат помош. Исто така, доколку насилството е пријавувано (со или без употреба на огнено оружје), информирајте ја јавноста за исходот од тие пријави.

Доколку нема претходни пријави за насилство, бидете внимателни и секогаш нагласете дека тоа не значи дека немало насилство. Потсетете дека многу жени се плашат да го пријават насилникот.

Исто така, почесто информирајте ги медиумите за насилството кое има помалку драстични последици, со цел да ги научите дека тоа е показател за ризик за посериозни форми на насилство.

**NAPOMENA:** Ова не се однесува секогаш на јурисдикциите во коишто претходната појава на насилство е опфатена со законите за заштита на лични податоци. Сепак проценете дали е можно да го наведете овој податок доколку имате информација за претходна појава на насилство, а истовремено добро сте го заштитиле идентитетот на сторителот.

# 7 ИНФОРМИРАЈТЕ ГИ МЕДИУМИТЕ ЗА ТЕКОТ НА ИСТРАГАТА ВО ЦЕЛОСТ

**ПРОБЛЕМ:** Регионалната анализа на медиумските содржини покажа дека во 80% од случаите, медиумите го објавуваат епилогот на случајот во смисла на апсење или покренување обвинение. Но, тоа не значи дека медиумите го следат случајот од почеток до крај. Како што одминува времето, интересот на медиумите за институционалниот одговор е сè помал, а веста за правосилната пресуда ретко стигнува до јавноста.

**РЕШЕНИЕ:** Институционалниот одговор на злоупотребата на огнено оружје при РЗН е важен бидејќи ја зголемува и зачувува довербата на граѓаните и граѓанките во полициските и судските институции. Подеднакво е важно и дека со помош на овие информации, жените ја добиваат пораката како да се бранат со законски средства. Истовремено и насилниците добиваат порака за последиците од нивните постапки. Редовно информирајте ги медиумите за секоја фаза: апсењето, текот на истрагата, префрлањето на случајот до обвинителството... Поканете ги медиумите да продолжат да го следат исходот на случајот до неговото завршување преку работата на судските органи. Со тоа, вие исто така ги поттикнувате медиумите да бидат одговорни и да известуваат за целите на јавниот интерес. Во зависност од тежината на случајот и важноста на јавниот интерес, проценете која форма на комуникација е најдобра во дадениот момент. На пример, апсењето и обвинението најчесто се повод за конференција и/или изјава.

# 8 ОПИШЕТЕ ГИ СЛУЧУВАЊАТА ВО КОНКРЕТНИТЕ СЛУЧАИ

**ПРОБЛЕМ:** Одредени јурисдикции имаат различни називи за различни кривични дела, а полицијата не смее да го квалификува стореното дело. На пример, во одредени јурисдикции постои кривично дело „СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО“, но полицијата не смее да ја користи оваа формулација сѐ додека обвинителството не одлучи да го осомничи сторителот за тоа дело.

**РЕШЕНИЕ:** Иако на сите им е јасно дека се работи за случај на семејно насилство, не секогаш смееме да го кажеме тоа. Меѓутоа, нема пречка медиумите описно да се известат за она што се случило, односно, да се наведе односот помеѓу сторителот и жртвата (на пр., средовечен маж испукал неколку истрели кон сопругата).

# 9 НЕ ГИ СООПШТУВАЈТЕ ДЕТАЛИТЕ ОД ИСТРАГАТА СО КОИ СЕ ПРЕФРЛУВА ОДГОВОРНОСТА ОД НАСИЛНИКОТ НА ЖРТВАТА /ПРЕЖИВЕАНАТА И НЕ ГО ОБЈАСНУВАЈТЕ НАСИЛСТВОТО СО НАДВОРЕШНИ ОКОЛНОСТИ И ЛИЧНИТЕ ОСОБИНИ НА НАСИЛНИКОТ

▶ **ПРОБЛЕМ:** Префрлањето на одговорноста од сторителот на жртвата/преживеаната е присутно во околу една петтина од медиумските содржини во сите шест јурисдикции. Исто така, медиумите, речиси во уште поголема мера (31%), се обидуваат да го објаснат насилството со надворешни околности (на пример: отказ, беспарица) или со личните карактеристики на насилникот (алкохолизам, коцкање, ментална болест). Ова е штетна практика бидејќи со тоа се намалува одговорноста на сторителот и се испраќа порака до јавноста дека делото било надвор од контрола на сторителот. Во исто време, со оваа практика се обесхрабруваат жртвите да пријавуваат насилство.

▶ **РЕШЕНИЕ:** Секое кривично дело има мотив или повод. Сепак, важно е да се разликуваат мотивот и поводот од причината. Причината за насилството е секогаш одлуката на насилникот да изврши насилен чин. Ако на медиумите им кажете кој бил поводот тој да донесе таква одлука (на пр. „Ја убил поранешната сопруга затоа што си нашла нов партнер“), им давате начин да префрлат дел од одговорноста за насилниот чин на жртвата/преживеаната.

# 10 НЕ ИМ ДАВАЈТЕ ПОВОД НА МЕДИУМИТЕ ДА ГО ИСМЕВААТ НАСИЛСТВОТО

**ПРОБЛЕМ:** Минимизирање или исмевање на насилството, како и покажувањето недоверба кон жртвата/преживеаната е присутно во секој петти медиумски извештај. Ова влијае на јавното мислење со тоа што го десензибилизира на насилство и придонесува за негово нормализирање. Кај кривичните дела кои вклучуваат огнено оружје, понекогаш можат да се најдат детали кои медиумите можат да ги искористат за исмејување (рикошетот го погодил сторителот, куршумот се заглавил во цевката, преживеаната му го одзела оружјето и сл.)

**РЕШЕНИЕ:** Во такви ситуации, потребно е посебно внимание во однос на формулацијата што ќе ја употребите. Ова е честа појава во случаите на злоупотреба на огнено оружје кои поминуваат без повредени и/или настрадани, но пристапете им исто толку сериозно како и на оние во кои има повредени и жртви.

# 11 БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ ПРИ ИЗБОРОТ НА ВИЗУЕЛНИ СОДРЖИНИ ШТО ГИ ИСПРАЌАТЕ ДО МЕДИУМИТЕ

**ПРОБЛЕМ:** Анализата на медиумските содржини покажа дека во голем број случаи, визуелните содржини може да доведат до повторна траума за семејствата на жртвите/преживеаните. Најчесто користен визуелен мотив во случаите на злоупотреба на огнено оружје при родово засновано насилство е оружјето, но во нашите култури на него се гледа како извор на моќ и се испраќа порака која е спротивна на онаа што сакаме да ја постигнеме. Во некои медиумски извештаи има добри решенија, како на пример фотографии од раката на форензичарот или знакот „СТОП НА ОРУЖЈЕТО“.

**РЕШЕНИЕ:** Иако полицијата ретко споделува фотографии и снимки, доколку тоа е неопходно, ова е решението: тешко е да се најде начин визуелно да се прикаже РЗН и злоупотребата на огненото оружје така што да не ја вознемири јавноста. Ако на медиумите им испраќате слики и видео записи од местото на злосторството или од апсењето, задолжително замаглете го лицето на сторителот/осомничениот. Под никакви околности не испраќајте визуелни материјали на кои се гледа оружјето и/или жртвите, дури и ако се покриени со чаршаф или се во црни вреќи. Истото важи и за траги од крв и други детали. Ова е важно за да се заштити идентитетот и да се зачува достоинството на настраданите, но и да се избегне трауматизирање на семејствата на жртвите и вознемирување на јавноста. За наоѓање на позитивни примери со илустрации кои го прикажуваат проблемот со насилството на одговорен и етички начин, можете да им ја посочите на медиумите базата на фотографии и илустрации креирана од групата „Новинарките против насилството врз жените“.

# 12 НЕ ГИ ОПРАВДУВАЈТЕ ПРОПУСТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

**ПРОБЛЕМ:** Обидите да се оправдаат пропустите во работата на институциите доведува до зголемување на недовербата во тие институции. Ако жените кои се жртви на насилство не веруваат дека можат да бидат заштитени, тие нема да го пријават насилството што може да доведе до фатални последици. Признавањето дека се работи на откривање на пропустите и слабостите на системот покажува дека институцијата е подготвена да ја извршува и да ја подобри својата работа.

**РЕШЕНИЕ:** Во случаите кога РЗН со злоупотреба на огнено оружје било пријавено и можело да се спречи, не ја негирајте евентуалната одговорност на вашата институција. Признајте ја грешката, потенцирајте дека грешките се можни во секоја работа, но и дека грешките во некои работи некого може да го чинат живот. Објаснете им на новинарите каква е постапката за утврдување одговорност во вашата институција и наведете што ќе преземете. Редовно известувајте ги медиумите за текот на оваа постапка.

# 13 ЗАПОЗНАЈТЕ СЕ СО ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ ВО ВАШАТА ЈУРИСДИКЦИЈА И ПОСТОЈАНО ПОТСЕТУВАЈТЕ ГИ КОЛЕГИТЕ НА СВОИТЕ КОДЕКСИ

**ПРОБЛЕМ:** Медиумите имаат тенденција да ја жртвуваат медиумската етика за да објават ексклузивни и сензационалистички вести. Понекогаш се случува да најдат материјал за тоа во соопштенијата и изјавите на службениците на министерствата за внатрешни работи и полицијата, кои што се чести извори за медиумите. Понекогаш проблем претставуваат и податоците од истрагата кои не би смееле да се обелоденат во јавност зашто така се нарушува доверливоста на истрагата.

**РЕШЕНИЕ:** Важно е да дејствувате превентивно, а преку запознавање со етичките стандарди на медиумското известување, да спречите вие да бидете извор на повторно трауматизирање, стигматизација и секундарна виктимизација на жртвите/преживеаните. Ако често ги потсетувате колегите на кодексите со кои се уредува професијата на полицискиот службеник, ќе дејствувате едукативно и ќе го намалите бројот на оние кои би биле подготвени да им обелоденат податоци од истрагата на новинарите.

# 14 ЗАПОЗНАЈТЕ ГИ НОВИНАРИТЕ СО ЦИКЛУСОТ НА НАСИЛСТВО

**ПРОБЛЕМ:** Обидете се да ги предупредите новинарите кои пишуваат дека убиството се случило „ненадејно“, „преку ноќ“, „во афект“ и дека е необјасниво како еден мирен, тивок и повлечен сосед наеднаш „полудел“ и станал убиец. Овој тип на пишување ја доведува во заблуда околината за фемицидот, самата природа на насилството и односот на моќ што насилникот го воспоставува над жртвата, а ги обесхрабрува другите жени кои трпат насилство да го пријават насилникот во институциите.

**РЕШЕНИЕ:** Посочете ја самата природа на родово засновано насилство и шаблонот по кој што вообичаено се случува партнерското и семејното насилство.

Ситуациите на партнерско и семејно насилство никогаш не се случуваат одненадеж, туку откако ќе се изгради силна врска од која е тешко да се излезе. Партнерите кои навредуваат често се „добри“ поголемиот дел од времето, поради што поединечните инциденти на насилство полесно се отпишуваат како повремен лош ден или губење контрола поради стрес, а не се прикажуваат како навистина навредливо однесување. Циклусот на насилство има три фази кои се повторуваат:

1. **„подготвување“ на жртвата:** воспоставување контрола над неа, манипулација и изолирање од семејството и пријателите, што всушност е психичко и/или економско насилство;
1. **ескалација на насилството:** најчесто како физичко или сексуално насилство;
1. **фаза на „меден месец“:** насилникот се кае, ја опсипува жртвата со внимание и ветува дека насилството никогаш повеќе нема да се повтори, а всушност се работи за манипулација и психолошко насилство.

Бидејќи се работи за циклус, насилникот брзо се враќа во првата фаза, додека втората, ескалацијата, станува се побрутална. Колку подолго жртвата останува во оваа врска, толку побрзо се повторуваат циклусите, односно пократки се интервалите помеѓу две ескалации.

# ФОРМИ НА КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИТЕ

# СООПШТЕНИЕ

Во случај на РЗН со злоупотреба на огнено оружје, ова е првиот вид на комуникација со новинарите. На овој начин ги информирате дека се случило насилство. Дури и ако некои новинари веќе ја објавиле веста и биле на лице место, вие со соопштение потврдувате дека полицијата работи на случајот, со што ја смирувате јавноста и давате основни информации за случајот, водејќи сметка да не се загрози жртвата и нејзиното семејство.

Редовното испраќање соопштенија до медиумите за вашите секојдневни активности за намалување на РЗН и контрола на оружјето исто така има превентивна улога во соработката со медиумите, и на овој начин се остварува добра комуникација.

Сепак, важно е вашите соопштенија да не се единствениот начин на комуникација со медиумите и да бидете отворени за изјави и интервјуа.

Непланираните соопштенија се дел од односите со јавноста во случај на криза и со нив работите на намалување на штетата кога ќе се случи нешто непланирано. Ова е редовна појава во полициската работа бидејќи кривичните дела имаат тенденција да се случуваат ненадејно.

# ИЗЈАВА

На новинарите од телевизиите, радијата и сè почесто од порталите им требаат изјави од официјални лица со цел нивните извештаи да бидат целосни. Во случај на РЗН, овие изјави би требало да ги дадат лица кои се сензибилизирани за такви случаи и се свесни за последиците од сите информации што можат да излезат во јавноста. Доколку полицијата или некој надлежен орган избегнува да дава соговорници на која било тема, вклучително и оваа, со тоа ѝ остава на јавноста простор за сомневање

во правилното работење на тие институции и ја намалува свеста за сериозноста на овој општествен проблем.

Одмерените и јасни изјави ја едуцираат, информираат, предупредуваат и смируваат јавноста, која е прилично вознемирена по случаите на РЗН.

## ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА НОВИНАРИ

Ретки се случаите на РЗН за кои е потребно да се организира прес-конференција за новинарите. Станува збор за оние случаи во кои настрадале повеќе лица, кои ја вознемириле јавноста и загрозиле повеќе лица и семејства. Потребата од информации во вакви случаи е голема и организирањето прес-конференција за новинари е начин од едно место и преку сите медиуми да се испратат јасни пораки до јавноста. Прес-конференциите за новинари изискуваат добра организација, јасна поделба на улогите и авторитативни и елоквентни соговорници.

Тие се организираат кога сте сигурни дека имате приказна која што ќе го привлече вниманието на медиумите и ако не можете да ја разјасните приказната преку соопштение или кога настанот е толку важен што соопштението или изјавата не се доволни за да се пренесат сите информации кои се од јавно значење. Добро е да се има експерт кој ќе го привлече вниманието на медиумите и ќе умее да испрати јасни пораки до јавноста.

# СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

Денес, неминовна е комуникацијата преку социјалните мрежи. Она што секогаш треба да се има на ум е тоа дека информацијата пратена до некои потенцијални жртви преку мрежите ќе ја добијат порано отколку онаа пратена преку традиционални медиуми. Затоа е мошне важно, во согласност со вашите правила за настап на интернет, во склоп на сето она што го пласирате и во секоја објава да ги наведете телефонските броеви и другите контакти преку кои жртвите би можеле да пријават насилство. Исто така, мрежите се и одлична едукативна платформа, па можете да ги искористите за да ги информирате граѓанките и граѓаните за начините на пријавување, за тоа кои се вашите надлежности, а кои не се, за актуелните статистички податоци, да ги опишете полициските постапки и сè друго што е наведено во упатство I и II.

# ВАЖНИ ДОКУМЕНТИ И КОРИСНИ ЛИНКОВИ

1. Конвенција на Советот на Европа за спречување на насилството врз жените и девојчињата (Истанбулска конвенција) (албански/англиски/босански/хрватски/црногорски/српски/македонски)
2. Публикации на СЕЕСАЦ, вклучувајќи ги:
   а. Мажите и огненото оружје во Југоисточна Европа: клучни факти (англиски)
   б. Родот и малото оружје во Албанија: клучни факти (албански/англиски)
   в. Родот и малото оружје во Босна и Херцеговина: клучни факти (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   г. Родот и малото оружје во Црна Гора: клучни факти (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   д. Родот и малото оружје во Северна Македонија: клучни факти (англиски/македонски)
   ѓ. Родот и малото оружје во Србија: клучни факти (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   е. Родот и малото оружје во Косово*: клучни факти (албански/англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   ж. Родова анализа на законодавната и стратешката рамка за контрола на малото и лесно оружје во Албанија (албански/англиски)
   з. Извештај за родовата анализа на законодавната и стратешката рамка за контрола на малото и лесно оружје во областа Брчко во Босна и Херцеговина (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   ѕ. Родова анализа на законодавната и стратешката рамка за контрола на малото и лесно оружје во Црна Гора (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
   и. Родова анализа на законодавната и стратешката рамка за контрола на малото и лесно оружје во Северна Македонија (англиски/македонски)
   ј. Родова анализа на законодавната и стратешката рамка за контрола на малото и лесно оружје во Косово (албански/англиски)
   к. Злоупотреба на огнено оружје при семејно насилство во Југоисточна Европа: клучни факти (англиски)

* За Програмата за развој на Обединетите нации, референците за Косово ќе бидат во контекст на Резолуција 1244 на Советот за безбедност (1999). За Европската Унија, овој назив е без предрасуди кон ставовите за статусот и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и Мислењето на МСП за косовската декларација за независност.

л. Родот и малото и лесно оружје во Југоисточна Европа (албански/англиски/босански/хрватски/црногорски/српски/македонски)
љ. Албанија: Истражување во областа на мало оружје и лесно вооружување (албански/англиски)
м. Босна и Херцеговина: Истражување во областа на мало и лесно оружје (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
н. Црна Гора: Истражување во областа на мало и лесно оружје (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
њ. Северна Македонија: Истражување во областа на мало и лесно оружје (англиски/македонски)
о. Србија: Истражување во областа на мало и лесно оружје (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
п. Косово: Истражување во областа на мало и лесно оружје (албански/англиски)

3. Како ве читаат жените? (босански/хрватски/црногорски/српски)

Студија за насилството врз жените спроведена од ОБСЕ - повеќе публикации вклучувајќи ги и:

а. Студија за насилството врз жените во Албанија спроведена од ОБСЕ: Благосостојба и безбедност на жените (албански/англиски)
б. Истражување на ОБСЕ за насилството врз жените во Босна и Херцеговина: Благосостојба и сигурност на жените (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
в. Студија за насилството врз жените во Црна Гора спроведена од ОБСЕ: Благосостојба и безбедност на жените (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
г. Студија за насилството врз жените во Северна Македонија спроведена од ОБСЕ: Благосостојба и безбедност на жените (англиски/македонски/албански)
д. Анкета за насилството врз жените во Србија спроведена од ОБСЕ: Благосостојба и безбедност на жените (англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)
ѓ. Анкета за насилството врз жените во Косово спроведена од ОБСЕ: Благосостојба и безбедност на жените (албански/англиски/босански/хрватски/црногорски/српски)

4. Патоказ за одржливо решение за сузбивање на нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и негова муниција на Западен Балкан до 2024 година (албански/англиски/босански/хрватски/црногорски/српски/македонски)
5. Платформа за следење на вооруженото насилство - повеќејазична
6. Регионален зборник на закони за оружје - повеќејазичен

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

316.774:343.62-055.2
316.774:351.74
623.4:343.62-055.2

УПАТСТВА за службениците и службеничките во Министерствата за внатрешни работи и полициските служби за комуникација со медиумите во случаи на злоупотреба на огнено оружје при родово засновано насилство. - Белград : United nations development programme SEESAC, 2024 (Белград : Дигитал солутион). - 27 стр. ; 25 cm

Тираж 45. - Библиографија: стр. 26-27.

ISBN 978-86-7728-373-5

а) Родно засновано насиље -- Масовни медији б) Оружје -- Злоупотреба -- Родно засновано насиље в) Полиција -- Масовне комуникације

COBISS.SR-ID 152305161